# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **01. 06 .2015 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 6 – 2015 год.** |

ЈУНИ 2015

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21, став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За утврдување на приоритет на проект „Изградба на локален пат од Р 104 до с.Могилец, Општина Македонски Брод“

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот „Изградба на локален пат од Р104 до с.Могилец, Општина Македонски Брод“.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во со сила денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 – 455/3**

**27.05.2015г.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Изградба на локален пат од Р 104 до с.Могилец, Општина Македонски Брод“**

Се прогласува Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Изградба на локален пат од Р 104 до с.Могилец, Општина Македонски Брод“, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21, став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков, Општина Македонски Брод“**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков, Општина Македонски Брод“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 –445/4**

**27.05.2015 г.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков, Општина Македонски Брод“**

Се прогласува Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков, Општина Македонски Брод“, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21, став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За утврдување на приоритет на проект „Уредување на излетничко место – локалитет Пешна, Општина Македонски Брод“**

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот „Уредување на излетничко место – локалитет Пешна, Општина Македонски Брод“.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 –445/5**

**27.05.2015 г.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Уредување на излетничко место – локалитет Пешна, Општина Македонски Брод“**

Се прогласува Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Уредување на излетничко место – локалитет Пешна, Општина Македонски Брод“ , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ бр.05/02“) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), а во врска со Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.05.2015 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Изградба на локален пат од Р104 до с.Могилец“, Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонски Брод дава согласност за намена на инвестицијата, со цел реализација на проектот „Изградба на локален пат од Р104 до с.Могилец“, Општина Македонски Брод“

**Член 2**

Средствата за реализација на проектот се обезбедени од Буџетот на Општина Македонски Брод.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 – 445/6**

**27.05.2015 г.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Изградба на локален пат од Р104 до с.Могилец“, Општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Изградба на локален пат од Р104 до с.Могилец“, Општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ бр.05/02“) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), а во врска со Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.05.2015 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „ Уредување на излетничко место – локалитет Пешна “, Општина Македонски Брод

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонски Брод дава согласност за намена на инвестицијата, со цел реализација на проектот „Уредување на излетничко место – локалитет Пешна, Општина Македонски Брод“

### Член 2

Средствата за реализација на проектот се обезбедени од Буџетот на Општина Македонски Брод.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 –445/7**

**27.05.2015 г.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Уредување на излетничко место – локалитет Пешна “, Општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „ Уредување на излетничко место - локалитет Пешна“, Општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ бр.05/02“) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), а во врска со Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 27.05.2015 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков “, Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонски Брод дава согласност за намена на инвестицијата, со цел реализација на проектот „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков, Општина Македонски Брод“

**Член 2**

Средствата за реализација на проектот се обезбедени од Буџетот на Општина Македонски Брод.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде се објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 – 445/8**

**27.05.2015 г.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „ Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков “, Општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „ Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков“, Општина Македонски Брод“, Општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ**

**ОПШТИНА Македонски Брод**

**2015-2018**

## СОДРЖИНА

1. ДЕМОГРАФИЈА
2. ВОВЕД
3. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА РАБОТА
4. ДЕФИНИРАНИ ЦЕЛИ
5. АКТИВНОСТИ
6. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

## 1. ДЕМОГРАФИЈА

### 1.1 Географска положба, граници и површина

Општината Македонски Брод е ридско планинска општина лоцирана во централниот дел од Македонија со површина од 888,7 км$^2$ (3,63% од територијата на Македонија) и спаѓа во редот на средно големи територијално-административни целини. Општината го зафаќа средното течение на реката Треска, западно од планинскиот масив Јакупица, целосно ја опфаќа областа Поречје и се протега на југ до Бушова Планина, на запад до Коњарник и Добра Вода, на север до Сува Гора и на исток до Караџица,Јакупица и Даутица.



Општината има 51 населено место со општински центар Македонски Брод (едно урбано место и 50 рурални населени места). Соседни општини се: Општина Пласница, Општина Крушево ,Општина Долнени, Општина Чашка, Општина Студеничани, Општина Сопиште, Општина Желино, Општина Брвеница, Општина Гостивар и Општина Кичево.

Градот Македонски Брод претставува стопански, културен и административен центар за општинита.

Заграденоста на општината со високи планини и клисурестиот дел на долината на река Треска во минатото и денес претставуваат неповолен фактор за воспоставување на непречени комуникациски врски помеѓу Поречието и Вардарската долина како примарна сообраќајна артерија на Републиката. Можноста за комуницирање со соседните општини освен преку регионалниот пат е исто така доста ограничена.Со Полог (Гостивар) единствена врска е воспоставена преку превојот Пеклиште (1.375м) кој во голем дел од годината е непрооден.На исток со општините на Скопје постои врска преку превојот Кула ( 1.200м) на планината Караџица.

Сите овие податоци наведуваат на констатација дека Општина Македонски Брод има релативно неповолна географска положба.

**1.2 Население и социјална структура**

***Старосна структура на населението во општината***
***Попис 2002***

| Општина | Вкупно | Возрасни групи | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 | 15-64 | повеќе од 64 |
| Македонски Брод | 7.141 | 1255 | 5210 | 1298 |

***Вкупно (население, број на домаќинства, големина на просечно домаќинство)според пописот на на население во РМ од 2002 година***

| Општина | Вкупно население | Домаќинства | Станови(сите видови на живеалишта) |
|---|---|---|---|
| Македонски Брод | 7.141 | 2392 | 4721 |

***Возрасна и полова структура на населението според пописот на население во РМ од 2002 година***

| Пол | 0-14 | 15-64 | Повеќе од 64 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Мажи | 633 | 2472 | 601 | 3706 |
| Жени | 622 | 2045 | 768 | 3435 |
| Вкупно | 1255 | 4517 | 1369 | 7.141 |

***Национална структура на населението (мажи, жени)***
***Според пописот на население во РМ од 2002 година***

| Општина Македонски Брод | Вкупно со сите населении места | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 7.141 | 6.927 | - | 181 | 3 | - | 22 | 1 | 7 |

## 2. ВОВЕД

Еднаквоста помеѓу мажите и жените воспоставува основни права за сите и основни вредности за секоја демократија. Со цел да биде остварено, ова право не само што треба да биде легално препознатливо, туку и ефективно да биде применето на сите сфери од животот.

Родовата рамноправност во Република Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок.

Законот за еднакви можности **на жените и мажите** од 2012г. има за цел да ги уреди основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, како и надлежностите, задачите и обврските на одговорните субјекти за нивно обезбедување.

Овој акциски план за родова рамноправност на Општина Македонски Брод е изработен во согласност, со **Стратегијата за родова еднаквост 2013- 2020 донесена на 20 февруари од Собранието на Р. Македонија и Националниот план за акција за родова рамноправност 2013-2016,** стратешки документ на Владата на Република Македонија, кој ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на родовата рамноправност во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на родовата рамноправност и еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија.

Локалната власт има клучна улога во намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите- , како постојано работно тело при Советот на Општина Македонски Брод е утврдена со Статутот на Општина Македонски Брод со Одлука на Совет од 30.01. 2015 г., мандатот на КЕМ како и на другите постојани работни тела – комисии при Советот на Општината е четири години. По локалните избори 2013г. и конституирање на Советот на Општината е формирана Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во состав од пет члена.

Доколку сакаме да изградиме заедница што се базира на еднаквост, многу е битно локалната власт целосно да јаземе во предвид половата димензија и да ја вметне во своите правила на управување, организација и практично работење. Во денешницата и во иднината, вистинската еднаквост помеѓу мажите и жените е исто така клучот за нашиот економски и социјален успех - не само на локално туку и национално ниво.

Основна цел на овој документ е да се подобри статусот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност.

## 3. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА РАБОТА

**Приоритетните области на работа кои ги обработува Локалниот акционен план за родова рамноправност на Општина Македонски Брод се <u>шест стратешки области на дејствување и тоа:</u>**

**1. Човекови права – недискриминација;**

Унапредувањето на човековите права на жената и родовата еднаквост е трајна задача на сите општествени фактори. Република Македонија, согласно со своите уставни определби, но и како земја кандидат за членство во ЕУ, во изминатите години презеде бројни активности на законодавен и функционален план за унапредување на севкупната состојба со човековите права, а во тој правец и на правата на жената и унапредувањето на родовата еднаквост.
Затоа неопходно е континуирано да се работи на унапредувањето на човековите права на жената и родовата еднаквост, особено преку спроведување на кампањи и многубројни активности, насочени кон подигнување на свеста и знаењето на јавноста за дискриминација по основ на пол, со цел за воспоставување на општество на еднакви можности и отстранување на сите облици на дискриминација.

**2. Подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје**

Здравјето е фундаментално човеково право. Секој има право на највисоко ниво на физичко и ментално здравје. Во Република Македонија во последните години се посветува огромно внимание на здравјето на жените и се подготвуваат и имплементираат различни програми,но статистиките и понатаму покажуваат по однос на малигните заболувања за висока стапка на морталитет од заболувања на рак на дојка и матка кај жената, што во прв ред се должи на нивното ненавремено откривање во раната фаза, кога шансите за излекување се поголеми.

Затоа со цел за превенција и заштита на здравјето на жената и понатаму неопходно е континуирано подигање на свеста на жените за грижа за сопственото здравје. вклучително репродуктивното здравје, планирање на семејство и сексуално здравје преку спроведување на кампањи, едукативни предавања и други многубројни активности.

**3. Жената и одлучувачките процеси во локалната заедница;**

Родовиот јаз во стапките на активност и вработеност, родова сегрегација на професиите (на хоризонтално и вертикално ниво), пониското учество на жените на позициите на одлучување и моќ, остануваат предизвици кои ќе бидат земени во предвид како приоритетни во периодот кој следи, со цел за унапредување на родовата еднаквост во општественото и економското живеење.

**4. Жената и пазарот на труд;**

- Јакнење на капацитетите на жените и промовирање на женското претприемништво се битен предуслов за намалување на процентот на економски зависни жени;

**- Жената како домаќинка, земјоделка и сточарка;**

Евидентна е потребата од подигање на свеста на жената за нејзината, улога како домаќинка земјоделка и сточарка, нискиот степен на самодоверба и економска зависност, ја ставаат во подредена положба во семејството и заедницата, бидејќи таа а и другите не и го вреднуваат големиот процент учество во неплатениот труд, односно жената не е свесна за вредноста и вреднувањето на неплатената работа во домот и семејството.

**-Подигнување на свеста и информираноста на жената за превенција и заштита од дискриминација по основ на пол;**

## 5. Родово базираното насилство

Насилството врз жените значи секој акт на родово базирано насилство кое резултира со или е веројатно да резултира со физичка, сексуална или психолошка штета или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, принуда или своеволно лишувања од слобода, без разлика дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Затоа е потребно да се зголеми свесноста кај пошироката јавност за проблемот со насилството / да се подобри информираноста за превенција и заштита од секаков вид на насилство.

## 6. Родово одговорно буџетирање

Родовото буџетирање како релативно нова алатка претставува дел од *стратегијата за вклучување на родовата перспектива во главните текови, политики и практики, насочени кон постигнување на родова рамноправност (gender mainstreaming).*

Родовото одговорно буџетирање е одраз на политичката волја и преземени чекори во постигнувањето на родовата рамноправност, со примена на практиките на вклучување на родовите преспективи во процесите на буџетирање. Тоа не имплицира само посебни буџети за жените, туку значи процена на буџетите од аспект на родовата рамноправност и вклучување на родовите перспективи на сите нивоа во процесите на буџетирање;

Владата во јуни 2012 година ја донесе Стратегијата за воведување на родово одговорно буџетирање во Република Македонија 2012 - 2017 година како национален документ кој има за цел унапредување на родовата еднаквост преку вклучување на родовата перспектива во главните текови. Прифатен е ставот дека внесувањето на родовата перспектива во буџетските политики на локално ниво, ќе доведе до правилно родово одговорно распределување на средствата, како и подобра транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност.

Прашањето на рамноправност и вклучување на родовите перспективи во главните текови, не е прашање единствено на социјална правда, туку е исклучително значајно прашање во справувањето со сиромаштијата и невработеноста, обезбедувањето на еднакви можности и квалитетен живот за сите.

## 4. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

1. Подобрување на информираноста на жените за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Континуирани активности за превенција на женската популација во однос на препознавање на дискримнацијата врз основа на пол на пазарот на труд (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право;
2. Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје; Подобрување на информираноста и одговорноста на младите за сексуалното здравје;
3. Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница / доследна примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите ;
4. Унапредување на економскиот статус на жените, преку јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво;
   - Подигање на свеста на жената за нејзината улога како домаќинка и земјоделка;
   - Подобрување на информираноста и знаењата на жените за регулирање на статусот земјоделец и пристапот до ИПАРД фондовите
5. Зголемување на нивото на сензибилизираност, разбирање и препознавање на појавата на родово базирано насилство вклучувајќи го и семејното насилство.;
6. Подигнување на свеста и информираноста за превенција и заштита од трговија со луѓе ;
7. Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите.

# 5. АКЦИОНЕН ПЛАН

## 2015-2019

| | **Стратешка цел** | **Проблем** | **Проблем** | Временски Период | **Ресурси** | **Индикатори** | **Одговорен (институции организации, лице** | **Мониторинг/ евалуација** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на информираноста на жените за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност | 1.1Неинформираност на жената за нејзините права – ниска свест на жената за себе и своите права; | 1.1.1 Човекови права-недискриминација | 2015-2016 | 40000,00 | - Едуцирани и информирани жените во општината за своите права и механизмите за заштита и препознавање на дискриминација | -Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник | -Советот на општината |
| 2. | Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје;<br><br>Подобрување на информираноста и одговорноста на младите за сексуалното здравје; | 2.1Зголемување на процентот на малигните и други болести поврзани за репродуктивното здравје на жената,,<br><br>2.2Ниска свест на жената за редовни лекарски контроли;<br><br>2.3Нееедуцирани млади за сексуално преносливите болести | 2.1.1,,Подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје,,<br><br>2.1.2,,Едукација на младата популација за сексуално преносливите болести,, | 2015-2016 | 40000,00 | -Зголемено ниво на информираност за малигните заболувања на репродуктивните органи кај жените<br><br>-Зголемена превенција и рано откривање на појавата на карцином<br><br>-Едуцирани младите за заштита на сексуалното здравје | -Комисијата за еднакви можности<br><br>Градоначалник | -Советот на општината |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница / доследна примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите | 3.1 Ниската свест на жената за родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството | 3.1.1 Развој и промоција на правата , интересите и можностите на жената | 2015 - 2016 | 20000,00 | Имплементација и почитување на одредбите од Законот за еднакви можности<br>-Зголемен процент на учество на жените во структурите на одлучување на локално ниво | Комисијата за еднакви можности<br>Градоначалник | -Советот на општината |
| 4. | Унапредување на економскиот статус на жените, преку јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво | 4.1 Економска зависност на жената од мажот (семејството), ниско ниво на самодоверба кај жената | 4.1.1 Зајакнување на капацитетите на жената преку обуки/едукација**;** | 2016 -2017 | 60000,00 | Број на спроведени обуки<br>-Број на учеснички<br>-Зајакнати капацитети на жените за претприемништво | Комисијата за еднакви можности<br>Градоначалник | -Советот на општината |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Подигање на свеста на жената за нејзината улога како. Домаќинка и земјоделка ; | 4.2Неинформираност на жената земјоделка за програмата на ЕУ – ИПАРД која предвидува 10 % повеќе средства за жените кои се регистрирани како индивидуални земјоделци | 4.1.2.Подигање на свеста на жената за нејзината улога во неплатениот труд;<br>4.2.1 Подобрување на информираноста и знаењата на жените за регулирање на статусот земјоделец и пристапот до ИПАРД фондовите | | | -Подигната свеста на жената за нејзината улога во неплатениот труд,,<br>- Подобрена информираноста на жените за постапката за регулирање на статусот на индивидуален земјоделец,<br>-Зголемена иницијативност на жените во земјоделството/сточарството; | | |
| 5. | Зголемување на нивото на сензибилизираност, разбирање и препознавање на појавата на родово базирано насилство вклучувајќи го и семејното насилство.; | 5.1 Родово базирано насилство вклучувајќи го и семејното насилство | 5.1.1 Зголемување на свесноста и самодовербата кај жртвите за пријавување и справување со родово базираното насилство | 2017-2019 | **40000,00** | Зголемено ниво на свесност и самодоверба кај жртвите за пријавување на родово базираното насилство до надлежните институции | Комисијата за еднакви можности<br>Градоначалник | -Советот на општината |
| | | | | | | | | |
| 6. | Интегрирање на родовите прашања во политиките и | 7.1 Отсуство на родовата перспектива во буџетските политики на локално ниво | 7.1.1Воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво | 2015 - 2019 | **40000,00** | Подигање на повисоко ниво на родовото одговорно распределување на | Комисијата за еднакви можности | Комисијата за еднакви можности<br>Градоначалник |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | финансиските инструменти, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите; | | | | | средствата, што ќе продуцира поголема транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност. | Градоначалник | |
| 7. | Редовна публикација на активностите од акциониот план | 8.1 Недоволен пристап до информации за родова рамноправност | 8.1.1Редовно информирање за сите активности, преку медиуми, печатени материјали и веб саитот на општината и други форми на дисеминација на информации**.** | 2015 – 2019<br><br>(континуирано) | **50000,00** | Обезбеден пристап до информациии за родова рамноправност во локалната заедница- оцена на состојбата | Комисијата за еднакви можности<br><br>Градоначалник | Советот на општината |

**6. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Македонски Брод и координаторот за еднакви можности кои го изработуваа овој документ ќе го следат текот и динамиката на спроведување на ,,Акциониот План,, и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

Согласно Акциониот план за родова рамноправност 2013 -2016 на Општина Македонски Брод и Законот за еднакви можности на жените и мажите, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Општина Македонски Брод секоја година ќе изработува годишна оперативна програма. Целта на годишната оперативна програма ќе биде успешно спроведување на политиките/мерките (проектите) за унапредување на родовата рамноправност предвидени со акциониот план 2013 – 2016.

Во годишните оперативни програми ќе бидат дефинирани конкретните активности приоритетните области, мерки и цели, кои ќе бидат реализирани, како и конкретната временска рамка за нивна реализација, а се во насока на унапредување на родовата рамноправност, воспоставување на еднакви можности за жените и мажите, како и обезбедување на континуирано унапредување на статусот на жените во Општина Македонски Брод.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставуваат редовни годишни извештаи и тековни информативни извештаи, за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

Координатор за еднакви можности
Милка Стаменкоска

Комисија за еднакви можности
на жените и мажите

1.Александар Максимоски , претседател
2.Борис Милески, член
3.Љупка јаковлеска, член
4.Лилјана Стојаноска, член
4. Ивица Димоски, член

Бр.18-455/9

27.05.2015 год.

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# **З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ОПШТИНА Македонски Брод 2015-2018**

Се прогласува ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ОПШТИНА Македонски Брод 2015-2018, што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локанална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 17 став 2 од Законот за јавните претрпијатија (Сл.весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15 Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За именување на членови во управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на општина Македонски Брод за членови во управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод ги именува лицата:

1. Зоран Новески
2. Сузана Филипоска
3. Даниела Грозданоска
4. Ненад Новески
5. Марјан Грозданоски

**Член 2**

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор не може да биде подолг од четири години.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод".

Бр.18-455/10
27.05.2015 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател
Дарко Трајкоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за именување на членови во управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за именување на членови во управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локанална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 26 став 2 од Законот за јавните претрпијатија (Сл.весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15 Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За именување на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на општина Македонски Брод за членови во надзорниот одбор на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод ги именува лицата:

1. Милисав Димоски
2. Бране Јовески
3. Александар Богатиноски
4. Мариче Мојсоска
5. Ана Милошеска

**Член 2**

Времетраењето на мандатот на членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење не може да биде подолг од четири години.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод".

Бр.18-455/11<br>27.05.2015 година<br>Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод<br>Претседател<br>Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за именување на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за именување на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод , што ја донесе Советот на општинаМакедонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“, бр.05/2002), а во врска со член 75 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“, бр.36/04, 49/04, 86/06, 124/10, 18/11, 12/93-пречистен текст и 41/14), Законот за пожарникарство („Сл.весник на РМ“, бр.67/04, 81/07, 55/13 и 158/14), Уредбата за спроведување на мерката заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РМ“, бр.100/10 и Упатството за содржината на правилникот за заштита од пожари и експлозии на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва, трговците поединци и други правни лица („Сл.весник на РМ“, бр.80/11), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## За заштита од пожари и експлозии

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со цел да се отстранат опасностите од пожари и се заштитат и спасат луѓето и имотот се донесува правилник за заштит од пожари и експлозии.

Со овој правилник се регулира организацијата за заштита и спасување од пожари и експлозии, правата и обврските на раководните лица и вработените, средствата и мерките за заштита и спасување од пожари и експлозии и ракување со опремата за гаснење на пожари.

Заштитата и спасувањето од пожари и експлозии опфаќа мерки и постапки кои се превземаат со цел да се спречи настанување на пожари и експлозии, негово ширење и гаснење, како и спасување на луѓето и имотот кои можат да бидат загрозени.

### Член 2

Одредбите од овој правилник се однесуваат на сите вработени во Општина Македонски Брод, подрачни одделенија, служби и здруженија на граѓани кои се сместени во административната зграда, како и лицата кои вршат работи врз основа на договор за дело или некој друг граѓанско-правен основ.

Вработените се должни да спроведуваат заштита од пожари вршејќи ги работните задачи на кои се распоредени. Заштитата од пожари е од заедднички интерес, бидејќи загрозувањето и уништувањето на имотите е штета за установата и државата во целост.

### Член 3

Вработените се должни да се придржуваат кон одредбите на овој правилник и кон укажувањата и предупредувањата добиени од страна на раководните лица.

**Член 4**

Со заштитата од пожари се опфаќа целокупниот имот на Општина Македонски Брод, подрачни одделенија, служби и здруженија на граѓани, кој го сочинуваат административната зграда, апарати, машини, моторни возила, документација, парични средства, алат, опрема и други предмети и недвижности како и сите вработени во административната зграда.

**Член 5**

Мерките за заштита пропишани со овој правилник и други акти од оваа област ги спроведуваат сите вработени и други лица кои се присатни во објектот, просториите или кругот на административната зграда.

За унапредување и спроведување на мерките за заштита и спасување од пожари и експлозии во рамките на своите надлежности одговорни се: Советот на општината, Градоначалникот, Раководителите на Сектори и одделенија, како и Раководителите на подрачните служби и одделенија како и другите раководни лица и вработените.

**Член 6**

Во спроведување на мерките за заштита од пожари и експлозии, одговорните лица за спроведување на заштитата од пожари и експлозии постапуваат според законските и подзаконските акти.

Вработените лица се обучуваат за ракување со противпожарната опрема и апаратите за гаснење на пожари.

Во случај на пожар вработените се должни да пристапат кон гаснење на истиот и да ги извршуваат сите наредби на раководните лица.

**Член 7**

Вработените се должни да го контролираат складирањето на запаливи материи и начинот на манипулирањето со запаливи и експлозивни материи, исправноста, употребливоста и достапноста на ПП опрема, исправноста на хидрантите, пристапноста до електричните табли, влезовите во објектите и исправноста на громобранската инсталација.

Исто така вработените се должни да ги предупредуваат надлежните и одговорните лица за воочените неправилности.

## II.ОРГАНИЗАЦИОНА, ФУНКЦИОНАЛНА И ПРОСТОРНА ПОСТАВЕНОСТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**Член 8**

Согласно Правилникот за систематизација на работните места во Општина Македонски Брод, организационата поставеност на општинската администрација е следна:

I.Сектор за правни, општи работи, јавни дејности и администрирање на локални приходи

-Одделение за правни, општи работи и јавни дејности

-Одделение за администрирање на локални приходи

II.Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина

-Одделение за комунални дејности
-Одделение за локален економски развој
-Одделение за урбанизам
-Одделение за заштита на животната средина

III.Одделение за финансиски прашања
IV.Одделение за инспекциски надзор
V.Одделение за управување со човечки ресурси.
VI.Одделение за внатрешна ревизија
VII.Територијална Противпожарна Единица

Согласно Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), општината извршува работи од јавен интерес од локално значење.

Територијата на Општината Македонски Брод се наоѓа во југо-западниот дел на Република Македонија од двете страни по течението на реката Треска, односно на патниот правец К-513 Кичево-Прилеп. Општина Македонски Брод е место со ридско планинска површина, од окулу 888,7 км$^2$.

Согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во РМ (Сл.Весник на Република Македонија,, бр.55/04, 12/05, 98/08, 149/14), во општина Македонски Брод спаѓаат 51 населени места: Македонски Брод, с.Вир, с.Г.Крушје, с. Г.Манастирец, с. Грешница, с.Девич, с.Д.Манастирец, с.Д.Крушје, с.Драговдол, с.Дреново,с.Ижиште, с.Крапа, с.Латово, с.Локвица,с.Модриште, с. Ореовец,с. Русјаци, с. Сланско, с.Слатина, с.Старосело, с.Сувидол, с.Томиноселo, с.Тополница,с. Требино,с.Црешнево, с.Самоков,с.Белица,с.Бенче, с.Битово, с.Близанско,с.Брезница, с.Брест, с.Волче, с.Г,Ботушје, с. Д.Ботушје, с.Заград, с. Звечан, с.Здуње, с.Зркле,с.Инче, с.Калуѓерец, с.Ковач, с.Ковче, с.Косово, с.Лупште, с.Могилец, с.Рамне, с.Растеш,с.Сушица, с.Тажево, с.Требовље. Зградата на општинската администрација на општина Македонски Брод е сместена во КО Македонски Брод.

**Член 9**

Согласно Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Македонски Брод, органи на управување се: Советот на Општина Македонски Брод кој брои вкупно 11 ( единаесет ) члена согласно Законот за локалната самоуправа и Градоначалникот на општината.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ И ВРАБОТЕНИТЕ

### 3.1. Совет на општина

**Член 10**

На планот на организирањето, спроведувањето и унапредувањето на заштитата од пожари и експлозии, Советот на општината ги врши следните работи:

-донесува Правилник за заштита од пожари и експлозии и Одлука за обука на вработените во општината,
-донесува Процена за загрозеноста од природни непогоди и други несреќи,
-донесува План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи,
-донесува одлуки и заклучоци и други потребни акти во врска со заштитата и спасувањето од пожари и експлозии,
-на предлог на Градоначалникот, а во согласност со законски и подзаконски прописи, донесува одлуки и годишен план за набавка на противпожарни средства и опрема,
-ги разгледува поединечните и колективните барања, предлози, приговори и слично кои се однесуваат на заштитата и спасувањето од пожари и експлозии и во врска со нив донесува соодветни одлуки,
-ги разгледува предлозите и извештајот од Градоначалникот,
-ги разгледува извештаите од надлежните инспектори за заштита и спасувањето од пожари и експлозии и во врска со нив превзема соодветни мерки,
-ја утврдува материјалната и другата одговорност на одговорните лица и вработените за неспроведување на пропишаните и наложените мерки за заштита утврдени со овој правилник и другите општи акти и
-согласно законските и подзаконски прописи врши и други работи од областа на заштитата и спасувањето од пожари и експлозии.

**3.2 Градоначалникот**

**Член 11**

Во врска со заштита и спасување од пожари и експлозии Градоначалникот на Општината е непосредно одговорен и ги има следните права и должности:

-се грижи околу подготвување на правилникот за заштита од пожари и експлозии,
-се грижи околу подготовката на проценката за загрозеноста од природни непогоди и други несреќи,
-се грижи окулу подготовката на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи,
-се грижи за примена на мерките за заштита и спасување од пожари и експлозии,
-се грижи за доследно спроведување на одлуките донесени од Советот на Општината, а во врска со заштитата и спасувањето од пожари и експлозии,
-по барање на Советот на Општината подготвува извештај за состојбата на заштитата и спасувањето од пожари и експлозии,
-ги следи законските и подзаконските прописи и предлага мерки за унапредување на заштитата и спасувањето од пожари и експлозии,
-ги организира и координира примената на мерките за заштита и спасување од пожари и експлозии по објектите во кои се извршуваат работите,
-се грижи за обука и оспособување на работниците за лична и колективна заштита и заштита и спасување на имотот,
-ги спроведува решенијата од инспекцискиот надзор и укажува за примена на потребни мерки и средства за заштита и спасување од пожари и експлозии,

-врши надзор над спроведувањето на одредбите од правилникот и други акти донесени во Советот на Општината за заштита и спасување од пожари и експлозии,
-во случај на потреба од навремено подготвување и сместување на документацијата и актите на соодветни места на стручните лица им издава посебна наредба,
-донесува решенија за отстранување на неправилностите и појавите кои можат да предизвикаат пожари или да го загрозат животот на вработените и имотот,
-против работниците кои не се придржуваат кон мерките и прописите за заштита и спасување од пожари и експлозии покренува соодветна постапка,
-врз основа на потребите, а согласно законските прописи и општи акти на општината одобрува набавка на средства и опрема за заштита и спасување од пожари и експлозии и
-за време на настанат пожар, експлозија или друга несреќа го организира спасувањето на работниците, имотот и постоечките документи на општината.

### 3.3. Вработените

**Член 12**

Во врска со заштитата и спасувањето од пожари и експлозии, вработените во општината ги имаат следните права и должности:

-во случај на воочени недостатоци превземаат мерки за навремено отстранување на истите,
-ја следат работата на сите апарати, инсталации и друга опрема и секоја неисправност да ја пријавуваат на претпоставениот,
-во работниот простор на работните места на смеат да внесуваат запаливи експлозивни или други опасни материи, а на работните места каде во работниот процес се потребни такви материи истите да ги внесуваат со одобрение на Градоначалникот или од него овластено лице,
-да пријавуваат појави на пожар или експлозија и поединечно или организирано да учествуваат во локализирањето и отстранувањето на опасностите од истите,
-да ги применуваат прописите, потребите и упатствата за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи,
-да се придржуваат кон знаците и упатствата кои се поставени во работниот простор и по работни места, а со цел за заштита и спасување од пожари експлозии и опасни материи,
-предлагаат можни мерки и средства за успешно спроведување на заштита и спасувањето од пожари и експлозии,
-да ја чуваат и внимателно се однесуваат кон обезбедената и на соодветни места поставената опрема и средства за гаснење на пожари,
-да учествуваат во планираните практични обучувања за заштита и спасувањето од пожари и експлозии организирани од општината,
-по завршувањето на работното време вработените се должни да ги исклучат електричните апарати кои можат да предизвикаат пожар,
-извршуваат и други работни задачи кои што придонесуваат за унапредување на заштитата од пожари и експлозии и
-работниците кои со овој правилник и другите акти на општината се задолжени да превземат одредени мерки и активности за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, а не го вршат тоа подлежат на соодветна одговорност согласно законските прописи.

## IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

**Член 13**

Мерки за заштита од пожари и експлозии:

1.При реновирање, набавка и опремување да се води грижа за изборот на материјалите и средствата да бидат од незапалив или помалку запалив материјал со кои ќе се спречи пожар или можноста од ширење на пожар и експлозии ќе се сведе на минимум,
2.Одржувањето на приодните патишта и премини за лесен пристап до објектите,
3.Обезбедување на доволни количества вода и други средства и уреди за гасење на пожар,
4.Употреба на електрични печки, греалки, плински печки и други грејни тела, како и складирање на лесно запаливи материи во работните простории во кои може да се предизвика пожар или експлозија, да биде со дозвола од претпоставениот и под постојан надзор,
5.Постојано одржување на уредите, средствата и инсталациите во објектот за гаснење на пожар.

**Член 14**

Процесот на работење мора да биде организиран на начин што ќе се има во предвид спроведувањето на одредбите од овој Правилник и опасноста од пожар и експлозија биде сведен на минимум.

**Член 15**

Електричните, вентилационите, грејните, громобранските и други слични инсталации мора да бидат поставени во согласност со техничките нормативи и стандарди и да се одржуваат во исправна состојба.

**Член 16**

Лесно запаливите материи да се држат и складираат исклучиво во објекти и простории за таа намена и во склад со прописите.

Употребата на отворен пламен, палење на хартија и други запаливи материјали се забранува во близина на местата каде се сместени лесно запаливи и експлозивни материи.

**Член 17**

Уредите, алатите и опремата за гасење пожар да се чуваат на лесно достапни и определени места за таа намена и истите да се чуваат во исправна состојба.

Неисправните апарати несмеат да се држат на места наменети за нив или покрај исправните противпожарни апарати.

Противпожарните апарати се користат само за гасење на пожар или обука на вработените, а во сите други случаи противпожарните апарати и опрема не смее да се користи.

**Член 18**

При напуштањето на работните простории работниците се должни да го исклучат светлото, апаратите кои ги користеле за работа, а до колку употребувале грејни тела да проверат дали истите се исклучени и прописно оставени на одредените места.

**Член 19**

Во работниот и друг корисен простор на административната зграда, заради превентивна заштита од пожари и експлозии и други опасни материи забрането е:

-складирање на службени документи, материјали, предмети, средства за работа по влезовите, скалите и ходниците,
-пушење во сите работни и други простори, знаци за забрана се поставуваат на видни места,
-внесување на лесно запаливи материи и течности,
-чистење на подови и на други простори и предмети со запаливи течности,
-употреба на решоа, греалки, светилки со пламен, употреба на алат кој создава искри и друго освен за службени цели со одобрение на раководителот,
-употребата на неправилни, неисправни и предимензирани осигурачи како и поставување на произволни електрични инсталации,
-поправка на електричната инсталација, апарати и друг вид на електрична опрема и замената на електричните осигурувачи од нестручни и неовластени лица и
-употреба на неисправни елктрични уреди и апарати,

**Член 20**

Најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто од стручно лице треба да се изврши детален преглед на сите електрични инсталации и уреди, а најдените недостатоци треба веднаш да бидат отстранети.

**Член 21**

Општината е должена редовно да ја контролира и одржува громобранската инсталација со која расолага.

Мерење и испитување на заштитното заземјување на громобранската инсталација се врши на една-две-три години во зависност од дејноста и процесот на работа на правното лице, а согласно Правилникот за македонските стандарди за заштита на објекти од атмосверски празнења („Сл.весник на РМ“,бр.101/2000).

Мерење и испитување се врши и после секоја поправка или преправка на громобранската инсталација или по удар на гром.

Громобранската инсталација мора да биде така изведена да атмосферското празнење се врши во земјата без штетни последици за просторот и околината.

## V. НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ СО ОПАСНОСТИТЕ

**ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ**

**Член 22**

При стапување на работа и при распоредување од едно на друго работно место потребно е вработените да бидат запознаени со опасностите од пожари и експлозии сврзани со соодветното работно место.

**Член 23**

Запознавањето на вработениот со опасностите се врши на следниве начини:
-Работодавачот е должен на вработениот да му ги даде на увид сите правилници, законски и подзаконски акти со кои се регулира оваа материја,
-Работодавачот должен е пред стапувањето на работникот на работното место усно да му укаже на опасностите од настанување на пожар и експлозии, како и да му укаже на неговите права и обврски,
-На вработениот да му се укаже за опасностите и последиците кои можат да настанат со несовесно и неправилно ракување со средствата за работа и
-Да му се укаже дека треба да учествува на организирани обуки и оспособувања на вработените за заштита и спасување од пожари и експлозии.

## VI. ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 24**

Обуката редовно да се организира со вработените за ракување и употреба на ПП апарати и опрема и учество во спроведувањето на мерката за заштита и спасување од пожари и експлозии.

**Член 25**

Обуката ја планира и организира општината, а се спроведува во просториите на општината, ТППЕ, Дирекцијата за ЗиС или на терен определен од општината.

Обуката ја спроведуваат стручни лица од ТППЕ, Дирекцијата за ЗиС или други експерти за ПП заштита.

**Член 26**

Обуката се состои од теоретски и практичен дел и ќе се изведува врз основа на Програма која ја пропишува Дирекцијата за ЗиС.

Теоретскиот дел на обуката ги опфаќа следниве области:

-Организација на заштита од пожари,
-Противпожарна превентива,
-Противпожарна тактика,
-Противпожарни средства и опрема и
-Прва медицинска помош.

Во практичниот дел се работи на:

-Протипожарни вежби (со опрема и средства со кои располага општината) и
-Прва медицинска помош.

**Член 27**

По извршената обука ќе се изврши проверка на знаењата и оспособеноста за заштита од пожари и експлозии.

Проверката ќе ја вршат изведувачите на обуката, на начин утврден од нивна страна, а за завршената обука и оспособување на вработените се води посебна евиденција.

## VII. РАСПОРЕД И ВРЕМЕ НА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

**Член 28**

За успешно извршување на задачите за заштита на луѓето и имотот од пожари и експлозии, потребно е да се има техничка опрема и средства за гаснење на пожари која редовно ќе се одржува и ќе биде постојано во исправна сосотојба.

За гаснење на пожар општината располага со, противпожарни апарати, противпожарни хидранти и други потребни средства согласно пропишаните стандарди.

**Член 29**

Видот и бројот на опремата и средствата за гаснење на пожар и нивниот распоред се определува според законската и техничката регулатива, процесот на работата, површината на просторот и неговото пожарно оптоварување (ниско, средно и високо), а треба да се поставуваат на видни и лесно пристапни места. Противпожарните апарати кои се снабдени со држач за закачување се поставуваат на висина со што рачката за носење на противпожарниот апарат е на висина од 1,5 м. од котата на подот или површината на просторот. Противпожарните апарати кои не се снабдени со држач за закачување и превозните противпожарни апарати се поставуваат на површина во просторот. Општината располага со ПП апарати од типот (S – 9) 5 апарати и ( $CO_2$ – 5) 3 апарати или вкупно 8, и ѕидна хидрантска мрежа со по 2 хидранити на приземје и 2 хидранти на спрат.

**Член 30**

Хидранската мрежа на општината е поставена во ходниците на приземје и спрат.
Хидранската инсталација се напојува од водоводна мрежа на просторот каде се наоѓа објектот.

Проточните капацитети и притисокот на хидранската инсталација се испитува најмалку еднаш годишно од страна на овластени правни лица. Општината е должено да обезбеди редовна контрола и одржување на хидранската инсталација со која располага.

**Член 31**

За одржување на ПП средства и опрема се грижат сите вработени, односно секој поединец задолжен со оваа опрема.

Секоја извршена контрола се заведува во посебна книга за евиденција, а прегледот и контролата на противпожарните апарати и хидрантите се потврдува со налепница залепена на апаратите и хидрантите.

Мерењето и испитувањето на противпожарните апарати и уреди се врши согласно позитивните правни и технички прописи.

**Член 32**

Средствата за гаснење на пожар се наоѓаат на пристапни, видни и означени места т.н. пожарни пунктови, во објектот, просториите и во возилата со кои располага општината и секогаш во исправна состојба.

Одржување, сервисирање и испитување на ПП апаратите се врши согласно упатството на производителот, најмалку еднаш до два пати годишно во зависност од местоположбата и изложеност на атмосверските влијанија.

Контрола, сервисирање и полнење на противпожарните апарати, уреди и хидранти може да ги вршат правни лица кои ги исполнуваат законските услови за таква работа и да поседуваат потребно овластување од Дирекцијата за заштита и спасување, а вработените лица да имаат положено стручен испит.

## VIII. ЈАВУВАЊЕ И ПОСТАПКА ПРИ ПОЈАВА НА ПОЖАР И ЕКСПЛОЗИЈА

**Член 33**

Секој работник во општината  кој ќе забележи непосредна опасност од настанување на пожар и експлозија или пак ќе забележи пожар должен е ваднаш да ги извести работниците кои се наоѓаат во непосредна близина или до колку има потреба ги известува и другите работници. Да ја отстрани опасноста односно да го изгаси пожарот ако тоа може да го стори без опасност за себе и за другите.

До колку работникот неможе сам да ја отстрани опасноста односно да го изгаси пожарот должен е веднаш да го извести одговорното лице на општината и да побара помош од другите работници.

**Член 34**

Одговорното лице на општината  по дознавањето за пожарот превзема мерки за гаснење на пожарот и раководи со акцијата.

За гаснење на пожарот потребно е да се превземат следните активности:

-се исклучуваат доводите за електрична енергија во објектот со прекинувачот за таа намена кој е поставен на главната разводна табла,

-се известуваат сите вработени и присутните странки  за настанатиот пожар,

-се известува територијалната противпожарна единица преку интервентен тел.бр.193,

-се пристапува кон почетно гаснење и локализирање на пожарот со помош на рачните и другите видови ПП апарати за гаснење на пожари и други приручни средства ако тоа не претставува лична опасност по животот на вработените и присутните,

-доколку има потреба за гаснење на пожарот се вклучува хидранската мрежа,
-ако има повредени од пожарот им се укажува прва медицинска помош, а до колку е потребно истите се транспортираат до најблиската медицинска установа и
-доколку пожарот е од поголеми размери и постои опасност по луѓето и материјалните вредности се пристапува кон евакуација на истите.

**Член 35**

При настанувањето на пожар непосредниот раководител превзема мерки да се спречи појава на паника меѓу работниците и кај другите присутните лица во општината.

**Член 36**

На местото на пожарот може да присуствува само потрбниот број на работници за гаснење, а другите работници помагаат со донесување на ПП апарати и извршување други потребни задачи.

**Член 37**

По секој пожар на опожареното место од страна на раководителот се поставува континуирано дежурство за спречување за повторно појавување на пожар со време на траење во зависност од потребите на опожарениот простор. Ако пожарот е изгаснат во текот на ноќно време дежурството треба да трае се до наредниот ден.

**Член 38**

За опожаренит простор од страна на Градоначалникот се формира комисија која врши увид и ги испитува причините за настанатиот пожар и се овозможува непречена работа на работниците и зачувување на траговите од настанатиот пожар.

## IX. ОДГОВОРНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 39**

Вработениот во општината кој во делокругот на работата не ги исполнува задачите и обврските од овој Правилник, прави потешка повреда на работната обврска.

**Член 40**

Вработениот кој не се придржува кон пропишаните мерки за заштита од пожари и експлозии и намерно или од невнимание предизвика материјална штета должен е истата да ја надомести на начин како ќе одлучи Советот на општината.

**Член 41**

За непридржување кон одредбите од овој Правилник и предизвиканата материјална штета, непосредниот Раководител ги известува повисоките органи и надлежните институции.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 42**

Со одредбите од овој Правилник да се запознаат вработените во општина Македонски Брод и вработените во другите органи и служби сместени во зградата на општината во рок од 60 дена од денот на неговото донесување.

**Член 43**

Измените и дополнувањата на овој Правилник ќе се вршат на начин и постапка исто како и за неговото донесување.

**Член 44**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, и ќе биде објавен во Сл.гласник на Општина Македонски Брод.

**Број 18-455/12**
**27.05.2015 година**

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на П Р А В И Л Н И К**
**за заштита од пожари и експлозии**
**во општина Македонски Брод**

Се прогласува П Р А В И Л Н И К О Т за заштита од пожари и експлозии во општина Македонски Брод, што ја донесе Советот наопштинаМакедонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.93/2012 и 41/2014 ), а според член 15, став 10 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Македонски Брод

### Член 1

Со оваа одлука се донесува План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Македонски Брод.

### Член 2

Со донесувањето на оваа одлука, а во склоп со Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, се опрееделени сите обврски и активности на просторните сили и другите  правни лица вклучени во истиот.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр. 18-455/13
27.05.2015 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општинаМакедонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Согласно член 34 точка 2 и член 94 став 3 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04 и 86/08), а во врска со член 10 од Уредбата на видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.12/06) и член 2 од Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.124/06), и врз основа на член 15, став 10 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на 27.05.2015 год. ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За именување на Командир на Одделение во с.Самоков за заштита и спасување на Општина Македонски Брод

1. За Командир на Одделение во с.Самоков за заштита и спасување на Општина Македонски Брод се именува лицето:

- Горан Трпески

2. Примерок од Одлуката да се достави до именуваниот Командир на Одделение во с.Самоков за заштита и спасување на Општина Македонски Брод.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Број 18-455/14**

**27.05.2015 година**

**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за именување на Командир на Одделението во с.Самоков за заштита и спасување на Општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за именување на Командир на Одделението во с.Самоков за заштита и спасување на Општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 126 став 1,алинеја 6 од Законот за основното образование (Сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,156/10, 18/11,51/11,6/12,100/12,24/13,41/14,116/14,135/14 и 10/15), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 мај 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Завршната сметка на ООУ„Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 903,787 и 603 за 2014 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Завршната сметка на Основно општинско училиште „Свети Климент Охридски“ Македонски Брод за 903,787 и 603 за 2014 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18-455/15
27.05.2015 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 89-а став 1,алинеја 4 од Законот за средното образование (Сл.весник на РМ бр.44/95.....6/12), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 мај 2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### За усвојување на Завршната сметка на СОУ„Св.Наум Охридски“ Македонски Брод за 903,787 и 603 за 2014 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Завршната сметка на Средното општинско училиште „Свети Наум Охридски“ Македонски Брод за 903,787 и 603 за 2014 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18-455/15
27.05.2015 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 98 став 1,алинеја 4 од Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ бр.170/10 – пречистен текст), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 мај 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Завршната сметка на ОЈУ за деца Детска градинка„7-ми Септември“ Македонски Брод за 903,787 и 603 за 2014 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Завршната сметка на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „7-ми Септември“ Македонски Брод за 903,787 и 603 за 2014 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18- 455/15
27.05.2015 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 мај 2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Завршната сметка на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 903, 787 и 603 за 2014 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Завршната сметка на Општинска установа Дом на култура Македонски Брод за 903, 787 и 603 за 2014 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18- 455/15<br>27.05.2015 година<br>Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод<br>Претседател,<br>Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/03) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 мај 2015 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Завршната сметка на ЈП„Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2014 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Завршната сметка на ЈП„Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2014 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18-455/15
27.05.2015 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/03) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 мај 2015 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Деловникот за работа на Советот на Млади на Општина Македонски Брод

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои Деловникот за работа на Советот на Млади на Општина Македонски Брод

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18-455/16
27.05.2015 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 18-456/2 од М.з село Г.Крушје, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок по однос на доставеното известување за свлечиште и одрон на асвалтираниот дел од патот на м.в Ивана река одделението за урбанизам и комунални дејности да излезе на лице место ја утврди фактичката состојба и поднесе извештај до Советот на општина Македонски Брод ..

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 455/ 17**
**27.05.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр. 2/2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 мај 2015 година донесе

# О Д Л У К А

**За давање на користење на две простории на новоформирано**

**ЈКП Комунална хигиена-Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се отстапуваат на користење две простории во зградата на Домот на културата користени од поранешно Радио Македонски Брод на новоформираното ЈКП Комунална хигиена - Македонски Брод. Просторите се отстапуваат на користење без надоместок .

**Член 2**

Со оваа одлука се отстапуваат двете простории на новоформираното Јавно комунално Претпријатие, а примопредавањето на истите ќе го изврши комисија формирана од страна на Градоначалникот на општина Македонски Брод .

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18- 455 /18**
**27.05.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на користење на две простории на новоформирано ЈКП Комунална хигиена-Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за давање на користење на две простории на новоформирано ЈКП Комунална хигиена - Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод Сл.Гласник 2/03 ,а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2015 година ( Сл.Гласник бр.13/14), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 27.05.2015 година донесе

# О Д Л У К А

## За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод

1.На Блажески Јовица вработен како професор по физичко и здравствено образование во ООУ,,Св.Климент Охридски,, - М.Брод се одобрува надоместок во висина од 15.000,00 денари како награда за постигнати резултати на дражавно ниво во областа на спортот и спортските актиности со учениците во основното училиште .

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2015 година, програма за спорт и рекреација LO, ставка разни трансфери.

3.Ова Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 455 /19**

**27.05.2015 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година донесе

# **О д л у к а**
## **За изградба на мост на река Сланштица во село Сланско**

1.Советот на општина Македонски Брод донесе Одлука за изградба на мост на река Сланштица во село Сланско.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2015 година од Програма ЈД за изградба, реконструкција на локални патишта и улици, подставка изградба на мостови.

3. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 455 /20**
**27.05.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за изградба на мост на река Сланштица во село Сланско**

Се прогласува Одлуката за изградба на мост на река Сланштица во село Сланско, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.05.2015 година.

**Бр.08- 455 /21**
**01.06.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 23 од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15) Градоначалникот на општина Македонски Брод донесе

# РЕШЕНИЕ
## За именување на вршител на должноста директор на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод

Член 1

За вршител на должноста директор на Јавното комунално претрпијатие Комунална хигиена Македонски Брод се именува лицето Горан Трајаноски .

Именуваниот, функцијата вршител на должноста директор ќе ја извршува започнувајќи од 01.06.2015 година.

Именуваниот, функцијата В.Д. директор ќе ја извршува до именување на директор по распишан јавен оглас, но не подолго од шест месеци.

Член 2

В.Д. Директорот на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод го претставува и застапува претпријатието и раководи со работата на претпријатието.

За својата работа одговара пред Градоначалникот на општина Македонски Брод.

Член 3

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Бр.04-433/9
01.06.2015 година
Македонски Брод

Општина Македонски Брод
Градоначалник
Милосим Војнески с.р.

**Службен гласник број 6 од 01.06.2015 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на локален пат од Р 104 до с.Могилец, Општина Македонски Брод"……..............................................................стр.2

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Изградба на локален пат од Р 104 до с.Могилец, Општина Македонски Брод"............стр.3

Одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков, Општина Македонски Брод"..........................................................стр.4

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на приоритет на проект „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков, Општина Македонски Брод"........стр.5

Одлука за утврдување на приоритет на проект „Уредување на излетничко место – локалитет Пешна, Општина Македонски Брод"................................................................стр.6

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „Уредување на излетничко место – локалитет Пешна, Општина Македонски Брод".....стр.7

Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Изградба на локален пат од Р104 до с.Могилец", Општина Македонски Брод……...........................................................................стр.8

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Изградба на локален пат од Р104 до с.Могилец", Општина Македонски Брод...................................стр.9

Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „ Уредување на излетничко место – локалитет Пешна ", Општина Македонски Брод...............................................................................стр.10

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Уредување на излетничко место – локалитет Пешна ", Општина Македонски Брод............................стр.11

Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков ", Општина Македонски Брод..................................................................................стр.12

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на проектот „Изградба на улици во населба Сувенир, с.Самоков“, Општина Македонски Брод........................................стр.13

Локален Акционен план за родова рамноправност Општина Македонски Брод 2015-2018...................................................................................................................стр.14

Заклучок за прогласување на Локален Акционен план за родова рамноправност Општина Македонски Брод 2015-2018.......................................................................... стр.27

Одлука за именување на членови во управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод......................................................стр.28

Заклучок за прогласување на Одлука за именување на членови во управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод..................стр.29

Одлука за именување на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиско работење на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод…………………………………………………………………...стр.30

Заклучок за прогласување Одлука за именување на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното комунално претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод.........................................................................стр.31

Правилник за заштита од пожари и експлозии ...................................................стр.32

Заклучок за прогласување на Правилник за заштита од пожари и експлозии....стр.44

Одлука за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Македонски Брод ...................................................................стр.45

Заклучок за прогласување на Одлука за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Општина Македонски Брод......стр.46

Одлука за именување на командир на Одделението во с.Самоков за заштита и спасување на Општина Македонски Брод ......................................................................стр.47

Заклучок за прогласување за Одлука за именување на командир на Одделението во с.Самоков за заштита и спасување на Општина Македонски Брод ...............................стр.48

Заклучок за усвојување на завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“..стр.49

Заклучок за усвојување на завршна сметка на СОУ „Св.Наум Охридски“........стр.50

Заклучок за усвојување на завршна сметка на ОЈУ Детска градинка „7-ми септември“ Македонски Брод.............................................................................................стр 51

Заклучок за усвојување на завршна сметка на Дом на култура - Македонски Брод........................................................................................................................стр.52

Заклучок за усвојување на завршна сметка на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод.............................................................................................................стр.53

Заклучок за усвојување на Деловникот за работа на Советот на млади на Општина Македонски Брод.............................................................................................................стр.54

Заклучок по барање од М.З. с.Г.Крущје..............................................................стр.55

Одлука за давање на користење на две простории на новоформираното ЈКП Комунална хигиена –Македонски Брод..............................................................стр.56

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на користење на две простории на новоформираното ЈКП Комунална хигиена –Македонски Брод....................................стр.57

Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод .............................................................................................................стр.58

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод ..........................................................................стр.59

Одлука за изградба на мост на река Сланштица во село Сланско......................стр.60

Заклучок за прогласување на Одлука за изградба на мост на река Сланштица во село Сланско........................................................................................................................стр.61

Решение за именување на вршител на должноста директор на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод..........................................................................................стр. 62